РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# 2015

# *ИЗВЕШТАЈ*
## *ТРЕТ КВАРТАЛ*



## *Царинска регулатива*



***На 1 јули 2015 година стапи во сила Закон за ратификација на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и Закон за ратификација на Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока, кој беа донесени во мај 2015 година („Сл.весник на РМ“ бр. 86/15). Со нивното стапување во сила Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската Унија и учествува во спроведување на заедничката транзитна постапка која се извршува со употреба на електронски транзитни декларации и спроведување на транзитните формалности со употреба на техника на електронска обработка на податоци. Договорни страни во заедничката транзитна постапка се: земјите членки на ЕУ (сите 28 земји), земјите членки на ЕФТА (Норвешка, Швајцарија и Исланд), Турција и Република Македонија.***

За усогласување со новиот **Закон за прекршоци** („Сл.весник на РМ“ бр.124/2015), во третиот квартал донесени се измени и дополнувања на **Законот за Царинската управа** и **Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр.129/2015). Со измените и дополнувањата на наведените закони, се усогласува прекршочната постапка која е уредена со новиот Закон за прекршоци. Формата и содржината на записникот и на мандатниот платен налог се пропишани со Правилникот за формата и содржината на записникот за царински прекршок, како и формата и содржината на мандатниот платен налог („Сл.весник на РМ“ бр.132/2015).

Во третиот квартал од 2015 година извршени се измени и дополнувања на **Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки** („Сл.весник на РМ“ бр. 154/2015). Со измените и дополнувањата на законот, извршено е натамошно прецизирање на определени одредби од законот во насока на олеснување на неговата практична примена, особено во однос на прецизно определување на условите за добивање на одобрение и лиценца за застапување во царинските постапки, понатамошно усогласување со измените во Законот за административни службеници во однос на докажувањето на потврдата за познавање на странски јазик, како и определување на термини за одржување на дополнителна обука за лиценцираните застапници. Воедно се додава одредба со одложена примена на членовите кои го регулираат полагањето на стручниот испит за лиценциран застапник заради исполнување на техничките услови за негово спроведување.

Во јули 2015 година е објавена **Уредба за изменување и дополнување на уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр. 111/2015). Со измените и дополнувањата на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон се изврши усогласување со претходно извршените измени во Царинскиот закон. Истовремено се изврши заменување на постојниот прилог 28 - Стока со поголем ризик од измама, прилог 34-и – Резервна постапка и прилог 37 – Критериуми кои се однесуваат на член 257 и 258 од оваа уредба, со нови прилози. Измените во прилог 28 - Стока со поголем ризик од измама е извршена заради усогласување на истиот со списокот на стока со поголем ризик од измама кој е наведен во Конвенцијата за заедничка транзитна постапка. Со измените се додава и нов прилог 36-а со кој се утврдуваат правилата кои ќе се применуваат во врска со примената на поединечната транзитна гаранција за повеќекратна употреба, која ќе се користи во случај на привремена забрана на употреба на општа гаранција со намален износ или за употреба на општа гаранција.

## *Заштита на правата од интелектуална сопственост*

Во јули 2015 година е донесен **Законот за изменување и дополнување на законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост** („Сл. весник на РМ“ бр. 154/2015). Со измената на законот се изврши измена во делегирањето на надлежност при решавање на управните предмети во второстепена постапка со воведување на можност за поведување на управен спор, наместо жалба како што беше пропишано досега.

## *Акцизи*



Во третиот квартал на 2015 година се донесени две измени и дополнувања на **Законот за акцизите** („Сл. весник на РМ“ бр. 129/2015 и 154/2015). Со измените и дополнувања на Законот за акцизите („Сл.весник на РМ“ бр 129/2015) е извршена измена и дополнување во делот на прекршочната постапка, висината на глобите, мандатните постапки и казни, согласно Законот за прекршоци, а со измената на законот објавена во („Сл.весник на РМ“ бр. 154/2015) се врши измена во делегирањето на надлежност при решавање на управните предмети во второстепена постапка со воведување на можност за поведување на управен спор, наместо жалба како што беше пропишано досега.

Истиот квартал, е донесен и **Правилник за формата и содржината на мандатниот платен налог** („Сл.весник на РМ“ број 133/2015). Правилникот е донесен врз основа на член 61-в став (7) од Законот за акцизите и со него се пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог за физичко лице и мандатниот платен налог за правно лице, односно трговец поединец, кои се поврзани со сторување на

акцизен прекршок. Овој Правилник се должи на усогласувањето на Законот за акцизите со Законот за прекршоци.

## *Друга регулатива која има влијание врз царинското работење*

Во врска со царинското работење во Република Македонија[1], во текот на третиот квартал од 2015 година, се донесоа следниве акти:

- Измени и дополнувања на **Законот за данокот на додадена вредност** донесени во јули 2015 година („Сл.весник на РМ“ бр. 129/2015) со кои се дефинира поимот “промет наменет за крајна потрошувачка во слободни зони“. Воедно внесувањето на добра од слободните зони во земјата, не се третира како увоз на добра, при што прометот на добра со надомест, кои се со статус на домашна стока согласно Царинскиот закон, и кои се превезуваат или испраќаат од слободните зони во земјата се смета за промет остварен во земјата, како секој друг промет што се врши во земјата. Воедно прометот на добра (од компании од земјата кон корисници на зони) не е ослободен од данок на додадена вредност, доколку вкупниот износ на надоместокот за извршениот промет без данокот на додадена вредност, е еднаков или помал од 60.000 денари.
- Измени и дополнувања на **Законот за технолошко индустриски развојни зони** донесени во јули 2015 година („Сл.весник на РМ“ бр. 129/2015), во кои е додаден нов член (5-а) со кој се регулира прометот на добра и услуги во рамки на зоната, кој што е предмет на ослободување по основ на ДДВ и се врши усогласување со измените и дополнувањата на Законот за ДДВ. Со овие измени и дополнувања се избришани и членовите 29 и 30 од законот. Со бришењето на овие членови, Царинската управа повеќе нема да дава одобрение за изградба на објект во зоната, доколку истиот е поврзан со исполнување на условите за вршење на царински надзор и нема да дава решение за исполнување на условите за вршење на царински надзор согласно Царинскиот закон.
- Правилник за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици („Сл. весник на РМ“ бр. 153/2015);
- Одлука за воведување на рестриктивните мерки поради закани кон меѓународниот и регионалниот мир и безбедност, причинети од терористички и екстремистички акти, согласно Резолуцијата 2200 (2015) за Судан на советот за безбедност на Обединетите нации („Сл. весник на РМ“бр. 161/2015);
- Решение за забрана на увоз и транзит на говеда и диви преживари, семе од говеда, говедско месо, производи и преработки од говедско месо, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда во Република Македонија од Република Грција („Сл. весник на РМ“бр. 163/2015);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр 124 и 129/2015);

---

[1] РМ

## РЕГУЛАТОРНА РАМКА

- Закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храната („Сл. весник на РМ“ бр. 129/2015);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Сл. весник на РМ“ бр. 129/2015);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата („Сл. весник на РМ“ бр. 129/2015);
- Решение за изменување на решението за забрана на увоз и транзит на живина и диви птици, како и прозводи и нуспроизводи од живина и диви птици заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 132/2015);
- Решение за изменување на Решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 133/2015).

## ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА



***Активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнувањето на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија продолжуваат да бидат главна точка во агендата на Царинската управа за 2015 година.***

### ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ




***Нов комјутеризиран транзитен систем***

На 1 јули 2015 година Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската Унија. Со пристапувањето на Македонија кон Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока се обезбедува единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна

постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.

*Придобивки за економските оператори*

***Побрзо, поедноставно и поевтино спроведување на царинските постапки, односно работење, а со тоа и поголема конкурентност; помалку поднесени декларации на граничните премини на Република Македонија; можност електронската тразитна декларација да се користи како влезна збирна декларација во земјите членки на ЕУ; побрзо ослободување и раздолжување на транзитната гаранција заради завршување на транзитната постапка во реално време; намалување на бројот на формалности при спроведување на поедноставените царински постапки во транзит; повисок квалитет на услугите кон економските оператори; намалување на времето на чекање кај одредишните испостави; поголема флексибилност при поднесувањето на декларациите; зголемена транспарентност преку електронско следење на податоците за транзитната операција.***

Од аспект на евроинтеграциите, влезот во заедничкиот транзитен систем во кој членуваат сите 28 земји членки на ЕУ, четирите земји членки на ЕФТА и Турција, е клучен адут во претпристапните стратегии, бидејќи Македонија станува дел од царинскиот систем на ЕУ уште пред да стане нејзина полноправна членка. Од економски аспект пак, значи олеснување на трговијата со ЕУ, ЕФТА и Турција; пан-европските коридори 8 и 10 ќе добијат дополнителна важност на поширок меѓународен план, Македонија дополнително ќе го унапреди својот рејтинг во извештаите на повеќе релевантни меѓународни организации.

Генерално со заедничката транзитна постапка движењето на стоката е полесно и побрзо, царинските формалности се поедноставни, самиот транзит е поефикасен. За царинската служба, со заедничката транзитна постапка се подобрува системот за превенција и полесно се откриваат измамите, а безбедноста при спроведувањето на транзитните операции е зголемена.

Во текот на третиот квартал од 2015 година царинските испостави од Република Македонија биле во улога на појдовни испостави за 471 царинска декларација во заедничката транзитна постапка. Во истиот период од странските царински испостави примени се вкупно 100 транзитни движења (транзитни операции започнати во ЕУ и ЕФТА земјите и наменети за Република Македонија како дестинација). Низ територијата на Република Македонија транзитирала вкупно 91 транзитна операција.

Заклучно со септември 2015 година издадено е вкупно 121 одобрение на економските оператори, со кои им се овозможува пристап кон НКТС[2] и 16 одобренија на главните обврзници за користење на банкарска гарнција во заедничката транзитна постапка.

Царинската управа и понатаму продолжува посветено да работи на промоција на придобивките кои економските оператори ги имаат од примената на заедничката транзитна постапка.

[2] Нов компјутеризиран транзитен систем

# ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

## РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ

### *Царина 2020 – Програма на Европската комисија*

***Програмата на ЦАРИНА 2020 (финансирана од средства на ЕУ и кофинансирана од буџетот на Република Македонија) овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со Царинските администрации на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Истата се спроведува преку семинари, работилници, учество во проектни групи, работни посети и обуки.***

Во рамки на Програмата на Заедницата CUSTOMS 2020 во текот на третиот квартал 2015 година се одржаа следните активности:

- Работна посета на австриска царина за односи со јавноста, во Виена, Австрија;
- Работа со апликацијата ISPP и запознавање со функционалностите кои ги нуди истата, во Букурешт, Романија;
- Работна посета на царината на Србија за размена на искуства во врска со процесот на водење на преговори за членство во ЕУ, во Белград, Србија.

### *TAIEX - Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија*

Преку TAIEX инструментот за техничка помош во периодот јули - септември во 2015 година се одржаа следните активности:

- Работилница за национално перење на пари и финансирање на тероризам, оценка на ризикот (НРА), во Скопје;
- Работилница за царински постапки за поштенски сообраќај, во Скопје.

### *EXBS - Програма за контрола на извозот и гранична безбедност при Амбасадата на САД во Скопје*

Во рамки на Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) при Амбасадата на САД во Скопје во текот на третиот квартал од 2015 година, во Скопје се одржа обука за Користење на рачен рендген Mini Z, опрема добиена како донација од оваа програма.

### *ИПА ПРОЕКТИ*

Приоритетните активности на Царинската управа се насочени кон целосно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување со организациските барања, како и развој на административниот и институционалниот капацитет. Во рамки на Националната програма за искористување на фондовите од **Инструментот за**

**претпристапна помош (ИПА)**, Царинската управа се јавува како корисник на средства за следниве проекти:

- **Јакнење на капацитетите на Царинската управа за имплементација на царинското и акцизното законодавство (ИПА 2010)** чија главна цел е понатамошно усогласување на законодавството со acquis во областа на акцизите и царинското работење. Проектот се одвива во рамки на два **потпроекти, и тоа:**
  1. **Хармонизација на законодавството и постапките со закодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите (ИПА 2010),** кој треба започна во текот на првиот квартал на 2015 година и се реализира со помош на Царинската служба на Австрија како твининг партнер во период од 24 месеци.
  2. **Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока (ИПА 2010)** кој започна да се имплементира во втората половина од 2014 година заедно со Царинската служба на Словенија, по воспоставувањето на НКТС. Целта на овој проект е во период од 24 месеци да се спроведат последните подготвки на регулативата и интерните процедури за членство во Конвенцијата за заеднички транзит.
- **Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост (ИПА 2011)** чија главна цел е зајакнување на капацитетот на Царинската управа во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост.
- **Надградба на објектите за царинење на Граничниот премин за патен промет Табановце (ИПА 2012).** Проектот опфаќа проширување на постојниот терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 м$^2$, како и изградба на придружни објекти.
- **Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на Граничниот премин за патен промет Ќафасан (ИПА 2013),** преку кој ќе се изгради нов увозно извозен царински терминал од 9.500 м$^2$, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи како и реконструкција на постојните објекти.

Реализацијата на последните два проекти значително ќе ја подобри инфраструктурата на двата премини и ќе ја зголеми пропусната моќ на премините, ќе го намали времето потребно за вршење на граничните формалности и ќе овозможи примена на современи средства за инспекција, со што ќе се забрза и олесни стоковата размена, а воедно ќе се олесни и забрза транспортот долж Пан-европските коридори 8 и 10.

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ



***Менаџментот со човечки ресурси е важна алка од синџирот на менаџментот во институциите воопшто. Свесна за ова, Царинската управа и во текот на 2015 година ќе продолжи континуирано да инвестира во неговата надградба и развој, сметајќи ги како движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ, поточно за подобрување на делотворноста на институцијата како државен орган.***

## *Основи*




На крајот на третиот квартал од 2015 година во Царинската управа се вработени **1.133 лица**. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), **1.009** лица се со статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, **13** лица се со статус на државни службеници согласно Законот за

| БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Организациона единица** | **2014 година** | | | | | | **2015 година** | | | | |
| | | **31.03. 2014** | **30.06. 2014** | **31.07. 2014** | **31.08. 2014** | **30.09. 2014** | **31.12.2 014** | **31.03 2015** | **30.06 2015** | **31.07 2015** | **31.08 2015** | **30.09 2015** |
| 1 | Кабинет на генерален директор | 10 | 11 | 11 | 11 | 10 | 10 | 10 | 9 | 9 | 9 | 9 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка, проекти и европска интеграција | 5 | 5 | 5 | 3 | 5 | 6 | 6 | 5 | 5 | 5 | 5 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 4 | Одделение за царинско управна постапка | 18 | 18 | 18 | 17 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| 5 | Одделение за прекршочна постапка | 18 | 18 | 20 | 20 | 20 | 27 | 16 | 13 | 11 | 11 | 11 |
| 6 | Одделение дежурен царински центар | | 16 | 15 | 15 | 15 | 18 | 18 | 17 | 17 | 17 | 17 |
| 7 | Сектор за управување со човечки ресурси | 20 | 18 | 18 | 18 | 18 | 17 | 19 | 18 | 18 | 18 | 18 |
| 8 | Сектор за административни и технички | 177 | 177 | 175 | 186 | 190 | 183 | 184 | 181 | 179 | 181 | 179 |
| 9 | Сектор за IКТ | 25 | 25 | 25 | 25 | 25 | 28 | 31 | 29 | 29 | 30 | 29 |
| 10 | Сектор за сметководство и финансии | 40 | 40 | 40 | 40 | 39 | 39 | 37 | 36 | 37 | 38 | 39 |
| 11 | Сектор за професионална одговорност | 19 | 17 | 16 | 16 | 15 | 15 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| 12 | Сектор за Царински систем | 40 | 36 | 27 | 25 | 26 | 29 | 32 | 38 | 38 | 39 | 40 |
| 13 | Сектор за акцизи и нетарифни мерки | | | 13 | 16 | 18 | 17 | 19 | 21 | 19 | 20 | 20 |
| 14 | Сектор за контрола и истраги | 115 | 92 | 94 | 89 | 92 | 91 | 90 | 91 | 91 | 91 | 92 |
| 15 | Регионална Царинарница Скопје | 226 | 229 | 222 | 223 | 223 | 214 | 222 | 218 | 218 | 216 | 217 |
| 16 | Регионална Царинарница Битола | 116 | 118 | 117 | 117 | 118 | 119 | 122 | 124 | 125 | 125 | 124 |
| 17 | Регионална Царинарница Гевгелија | 134 | 135 | 130 | 132 | 130 | 127 | 121 | 122 | 122 | 122 | 122 |
| 18 | Регионална Царинарница Куманово | 125 | 126 | 125 | 127 | 122 | 122 | 123 | 123 | 124 | 126 | 123 |
| 19 | Регионална Царинарница Штип | 55 | 54 | 54 | 55 | 55 | 54 | 55 | 56 | 56 | 54 | 53 |
| | **Вкупно** | **1146** | **1139** | **1129** | **1139** | **1140** | **1135** | **1140** | **1136** | **1133** | **1137** | **1133** |

државните службеници и **109** лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 28 вработени се магистри, 633 се со високо образование, 19 се со вишо образование, 425 се со средно образование и 28 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 60,01% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

## *Обуки и стручно оспособување*

### *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во третиот квартал од 2015 година, се спроведени 35 активности за стручно оспособување на царинските службеници, реализирани со вкупно 473 учесници[3]. Во просек секој учесник има следено обука во времетраење од околу **10,8** часа (10 часа и 45 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во просек од околу 4,5 часа (4 часа и 29 минути).
Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници за делот Обуки за специјализирани надлежности е реализиран 50% поточно од планираните 2 реализирана е една обука.

Позначајни обуки одржани во третиот квартал од 2015 година се:

- **Обука за професионален развој на офицерите за спроведување на законот и развој на нивните лидерски вештини во ИЛЕА.** Целта на обуката беше засилување на: меѓународната безбедност, соработката меѓу органите за спроведување на законот од регионот, соработката меѓу нив и агенциите за спроведување на законот на САД, посебно на полето на борбата против организираниот криминал и водењето на истраги за други видови сериозни кривични дела;
- **Обука за интегритет и антикорупција.** Целта на обуката беше јакнење на аналитичките капацитети на членовите на работните групи за подготовка на Нациналната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА);
- **Семинар за борба против фалсификување и пиратерија.** Целта на семинарот беше преглед на најдобрите практики во поглед на законодавството за заштита на интелектуалната сопственост во доменот на фалсификувањето и пиратеријата;
- **Работилница за мерење на времето за поминување на стоките преку граница.** Целта на работилницата беше мерење на времето за поминување на стоките преку граница користејќи методологија на Светската царинска организација позната како Time Release Study (TRS);
- **Обука за разузнавање.** Целта на обуката беше размена на искуства и споделување на најдобри практики во областа на стратешкото, тактичкото и оперативното разузнавање и работа со информатори;
- **Курс на тема „Сузбивање и финансирање на тероризам“.** Целта на курсот беше: споредба на национална и меѓународна легислатива, финансиски извори на

---

[3] Од 1.133 вработени 296 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки.

терористички организации, сузбивање на перење на пари, методи за собирање на докази, важноста на соработката и кординацијата со другите институции, СВОТ анализа, анализа на студија на случај и дискусија.

За надворешните институции, Царинската управа во соработка со стопанските комори, економските оператори и други институции организираше и одржа 12 советувања, презентации и обуки на кои учествуваа вкупно 108 претставници од бизнис заедницата, како и вработени во институции чии работни процеси вклучуваат царинска постапка. Теми на кои се одржаа овие настани се:

- Семинар на тема „Побезбедни производи и услуги на пазарот, зголемена доверба на потрошувачите";
- Работен состанок со производители и увозници на тутунски добра;
- Примена на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и
- Обука за економски промотор.

## *Интегритет*




***Интегритет на ниво на една организација, значи „отпорност на корупција". Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет.***

Во третиот квартал од 2015 година, се спроведени **24** внатрешни истраги/контроли врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност,

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно 2014 | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Централна управа | 9 | 3 | 1 | | | 1 | 18 | 3 | 1 | 4 | 1 | 6 | 11 | 15 |
| Царинарница Скопје | 16 | 9 | 4 | 1 | 1 | 6 | 39 | 10 | 9 | | 3 | | 3 | 22 |
| Царинарница Куманово | 8 | 7 | 6 | 2 | 3 | 11 | 34 | 8 | 7 | 1 | 1 | 1 | 3 | 18 |
| Царинарница Штип | 2 | 4 | | | | | 7 | 1 | 2 | 1 | | | 1 | 4 |
| Царинарница Гевгелија | 3 | 9 | 3 | 2 | | 5 | 22 | 5 | 5 | 1 | | | 1 | 11 |
| Царинарница Битола | 3 | 5 | | 1 | 2 | 3 | 17 | 3 | 6 | 1 | 3 | 1 | 5 | 14 |
| **Вкупно** | **41** | **37** | **14** | **6** | **6** | **26** | **137** | **30** | **30** | **8** | **8** | **8** | **24** | **84** |

примените поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија

197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, информации примени преку сервисот за пријавување на корупција на интернет страницата на Царинската управа како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Во истиот период во 2014 година се спроведени вкупно **26** внатрешни истраги.

Во третиот квартал од 2015 година, во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа, извршени се **14** внатрешни инспекции, споредбено со истиот период во 2014 година кога се извршени **23** внатрешни инспекции.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно 2014 | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Централна управа | 2 | 5 | 1 | | | 1 | 11 | 8 | | 3 | 1 | | 4 | 13 |
| Царинарница Скопје | 10 | 14 | 1 | 4 | 1 | 6 | 31 | 7 | 11 | | | | | 18 |
| Царинарница Куманово | 0 | 3 | 2 | | 1 | 3 | 9 | 2 | 3 | 1 | | 1 | 2 | 7 |
| Царинарница Штип | 3 | 0 | 2 | 1 | 1 | 4 | 10 | 1 | | | 1 | 2 | 3 | 4 |
| Царинарница Гевгелија | 4 | 3 | 2 | | 1 | 3 | 14 | 1 | 2 | 2 | | | 2 | 5 |
| Царинарница Битола | 4 | 2 | 1 | 1 | 4 | 6 | 19 | 1 | | | 2 | 1 | 3 | 4 |
| **Вкупно** | **23** | **27** | **9** | **6** | **8** | **23** | **94** | **20** | **16** | **6** | **4** | **4** | **14** | **50** |

Во текот на третиот квартал од 2015 година, преку отворената царинска телефонска линија (197) **беа примени 8 поплаки**, споредбено со истиот период 2014 година кога се примени **12** поплаки. Од поднесените поплаки, во кои странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања, по извршените внатрешни истраги во 4 случаи не е утврдена одговорност кај царинските службеници. Во тек е подготовка на 4 извештаи во кои ќе се утврдува фактичката состојба.

Во овој период примена е една online пријава за незаконско, непрофесионално и коруптивно постапување на царинските службеници, пристигната преку сервисот за пријавување на корупција на интернет страницата на Царинската управа за која е подготвен извештај.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во периодот јули – септември 2015 година, од страна на царинските службеници се поднесени **8** анкетни листови, **15** обрасци за промена на имотната состојба и **2** изјави за интереси. Во истиот период минатата година се поднесени **9** анкетни листови, **14** обрасци за промена на имотната состојба и **2** изјави за интереси.




Во септември 2015 година на веб страната на Царинската управа на Република Македонија е поставен **Нов модул за пријавување на случаи на корупција**, односно **online пријава** за незаконско, непрофесионално и коруптивно постапување на царинските службеници.

Во третиот квартал од 2015 година, водени се 5 дисциплински постапки за кои се изготвени 3 решенија за изречени парични казни ( едно решение за изречена парична казна, 6 месеци по 15% и 2 решенија за изречени парични казни, 3 месеци по 15%) од основната плата, 3 решенија за откажување на договор за вработување ( 2 решенија за откажување на договор за вработување и едно решение со изречена мерка откажување на договор за вработување врз основа на водена дисциплинска постапка во предходниот месец и насоките дадени со решение на Агенција за администрација донесено по приговор од царинскиот службеник). Во овој период изготвени се 6 решенија за намалување на основната плата во намален износ поради извршување на работите и задачите без потребен квалитет.

## *Наградување и унапредување*

Во третиот квартал од 2015 година во Царинската управа извршени се вкупно 11 унапредувања. Во Централна управа унапредени се 9 царински службеници: 2 царински службеници на работно место шеф на служба, 2 царински службеници на работно место началник и 4 царински службеници на работно место самостоен советник и еден царински службеник на работно место оператор.

Во третиот квартал од 2015 година во царинаринците се унапредени 2 царински службеници на работно место водител на смена.

## *Внатрешна ревизија*

Во периодот јули - септември 2015 година, извршени се вкупно **6 ревизии**. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 26 наоди и дадени се вкупно 27 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа. Додека пак во периодот јули - септември 2014 година, извршени се вкупно **3 ревизии**. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 10 наоди и дадени се вкупно 10 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа.

Во текот на јули 2015 година изготвен е Квартален извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за втор квартал 2015 година и степенот на спроведување на препораките заклучно со втор квартал 2015 година.

# НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

## *Основи*

Во текот на третиот квартал од 2015 година активностите **на Комитетот за управување со животен циклус на апликации (КУЖЦА)**, главно беа насочени кон имплементација на ИТ проектите предвидени со прифатените предлог проектни документи.

Во овој период се отпочна и со реализација на активноста за евидентирање на верзии на апликациите кои се користат во Царинската управа. Оваа активност е предвидена и со Акциониот план на Царинската управа. Првична цел е евидентирање на верзии на апликации и објава на новите надградби на истите заради подобро запознавање на корисниците со новините од надградбите, без разлика дали се наменети за внатрешни или надворешни корисници. Истата активност е превидена и со воведување на Системот за управување со безбедност на информации ISO/IEC 27001:2013, кој е во тек на имплементација во Секторот за ИКТ.

Во овој период на дневен ред за дискусија беа 4 предлог документи од кои 2 се однесуваат на надградби на постоечки апликации, а 2 се однесуваат на нови апликации. Предлог проектните документи[4] се прифатени, а утврдени се и рокови за реализација, како и се задолжени лица за имплементација на новите апликации:

- ППД за изработка на алатка за пополнување на вирман во апликацијата за наплата;
- ППД за изработка на алатка за вчитување на пораките добиено од трезор наменети за платени мандатни казни во СИМ;
- ППД за надградба на модулот ИПР;
- ППД за надградба на модулот РААВИО во апликацијата СИМ.

Во овој период почна и тестирањето на надградбата на модулот за евиденција на пост царинска и акцизна контрола поставен во ЕДМС. Како значајни активности на работа на Комитетот се постојаните состаноци на тема степен на имплементација на новите ИТ системи во Царинската управа.

## *Административни постапки*

Во текот на третиот квартал 2015 година остварени се 77.942 пристапи и креирани се 22.726 предмети, притоа се регистрирани 1.132 корисници. Во текот на третиот квартал 2014 година остварени се 75.978 пристапи и креирани се 21.219 предмети, притоа се регистрирани 1.133 корисници.

**КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС)**

| Опис | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Корисници | 1,141 | 1,128 | 1,126 | 1,137 | 1,133 | 1,133 | 1,130 | 1,137 | 1,136 | 1,134 | 1,136 | 1,132 | 1,132 | 1,132 |
| Пристапи | 70,748 | 83,535 | 26,994 | 22,488 | 26,496 | 75,978 | 322,109 | 82,075 | 89,096 | 29,284 | 21,399 | 27,259 | 77,942 | 249,113 |
| Отворени предмети | 20,131 | 23,110 | 7,572 | 6,343 | 7,304 | 21,219 | 89,442 | 22,966 | 25,086 | 8,359 | 6,420 | 7,947 | 22,726 | 70,778 |

[4] ППД

## НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Во текот на третиот квартал од 2015 година најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (11.626 од кои затворени се 7.761), прекршочни и мандатни постапки (706 од кои затворени се 255), управни постапки (437 од кои затворени се 5) и акцизни постапки (463 од кои затворени се 66).
Во текот на третиот квартал 2014 година најголем број на предмети се креирани во областа на скратени управни постапки (11.009 од кои затворени се 7.993), прекршочни и мандатни постапки (698 од кои затворени се 245), управни постапки (376 од кои затворена е една) и акцизни постапки (453 од кои затворени се 93).

Во текот на третиот квартал од 2015 година најголем број предмети и документи се креирани (отворени и затворени) од страна на Царинарница Скопје (над 13,8 илјади), Царинарница Гевгелија (над 8,2 илјади) и Царинарница Куманово (над 4,3 илјади). Додека пак во истиот период минатата година, најголем број предмети и документи се креирани од страна на Царинарница Скопје (над 16 илјади), Царинарница Гевгелија (над 7,9 илјади) и Царинарница Куманово (над 5,6 илјади).

### *Безбедност и комуникација*

**Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија.**



Во системот се вклучени 224 корисници од органите на државната управа, кои во текот на третиот квартал од 2015 година реализираа 776 повици, видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои оствариja 107 видеоконференциски повици. Додека пак во истиот период минатат година Органите на државната управа оствариле 721 повик, додека корисниците од Царинската управа оствариле 265 повици.

## *ИКТ поддршка*

Во насока на континуирано унапредување на постапките за работа од ИКТ областа во третиот квартал 2015 година е донесена **Процедура за наплата на надоместоци за пристап и користење на МАКЦИС системот.** Оваа процедура го опфаќа начинот, надлежностите и постапката за наплата на надоместоци за пристап и користење на ситемот МАКЦИС.



Во текот на третиот квартал од 2015 година во Царинската управа беа во функција 46 апликации, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите изнесуваше околу 99,2%.

| КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | | | | | | | |
| | | Q1 | | Q2 | | Q3 | | Вкупно | Q1 | | Q2 | | Јули | | Август | | Септември | | Q3 | | Вкупно |
| | Назив на апликацијата | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр. на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,403 | 630,426 | 2,565 | 640,255 | 2,653 | 632,485 | 2,544,333 | 7,879 | 645,301 | 7,909 | 674,814 | 2,657 | 214,598 | 2,657 | 213,676 | 2,458 | 215,896 | 7,772 | 644,170 | 1,748,389 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 4,750 | 18,393 | 4,959 | 19,786 | 5,098 | 18,971 | 79,019 | 16,126 | 19,217 | 16,640 | 21,488 | 5,635 | 7,098 | 5,665 | 6,304 | 5,721 | 6,962 | 17,021 | 20,364 | 54,107 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 4,750 | 1,542 | 4,959 | 1,674 | 5,098 | 1,593 | 6,857 | 16,126 | 1,581 | 16,640 | 1,596 | 5,635 | 896 | 5,665 | 325 | 5,721 | 320 | 17,021 | 1,541 | 4,718 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транспортни дозволи | 696 | 11,058 | 698 | 19,596 | 701 | 29,031 | 73,512 | 2,161 | 9,483 | 2,166 | 19,164 | 726 | 9,119 | 726 | 10,590 | 731 | 8,391 | 2,183 | 28,100 | 56,747 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,141 | 70,748 | 1,128 | 83,535 | 1,133 | 73,938 | 320,069 | 3,417 | 82,075 | 3,407 | 89,096 | 1,134 | 29,284 | 1,136 | 21,399 | 1,132 | 27,259 | 3,402 | 77,942 | 249,113 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 404 | 7,147 | 409 | 8,580 | 410 | 7,208 | 32,818 | 1,301 | 8,052 | 1,010 | 7,652 | 439 | 2,698 | 441 | 2,270 | 444 | 2,847 | 1,324 | 7,815 | 23,519 |
| 7 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и | 112 | 19,129 | 110 | 16,419 | 107 | 16,255 | 69,071 | 323 | 26,961 | 329 | 20,212 | 111 | 7,092 | 113 | 6,129 | 113 | 7,769 | 337 | 20,990 | 68,163 |
| 8 | Национална база за царинска вредност | 1,141 | 227 | 1,128 | 184 | 1,133 | 289 | 919 | 3,417 | 240 | 3,407 | 308 | 1,134 | 101 | 1,136 | 100 | 1,132 | 87 | 3,402 | 288 | 836 |
| 9 | Царински форум | 1,141 | 88 | 1,128 | 106 | 1,133 | 204 | 638 | 3,417 | 188 | 3,407 | 213 | 1,134 | 69 | 1,136 | 67 | 1,132 | 71 | 3,402 | 207 | 608 |
| 10 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 2 | 11 | 1 | 11 | 2 | 5 | 33 | 1 | 33 | 2 | 11 | 7 | 11 | 1 | 11 | 3 | 33 | 11 | 14 |
| 11 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 419,466 | 30 | 221,225 | 30 | 263,035 | 1,167,773 | 90 | 487,092 | 90 | 418,859 | 30 | 144,598 | 30 | 138,955 | 30 | 21,831 | 90 | 305,384 | 1,211,335 |
| 12 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 22 | 8 | 30 | 8 | 29 | 116 | 24 | 34 | 24 | 27 | 8 | 11 | 8 | 9 | 8 | 7 | 24 | 27 | 88 |
| 13 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 137 | 11 | 168 | 11 | 136 | 604 | 33 | 126 | 33 | 102 | 11 | 19 | 11 | 43 | 11 | 40 | 33 | 102 | 330 |
| 14 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 54 | 50 | 56 | 44 | 56 | 31 | 167 | 168 | 15 | 133 | 28 | 19 | 14 | 19 | 17 | 19 | 7 | 57 | 38 | 81 |
| 15 | Девизни контролници | 484 | 123 | 494 | 139 | 500 | 141 | 574 | 1,536 | 148 | 1,535 | 141 | 514 | 52 | 518 | 46 | 522 | 59 | 1,554 | 157 | 446 |
| 16 | CEMC- Систем за електронска размена на заштитени пораки | 201 | 297 | 207 | 237 | 201 | 256 | 940 | 610 | 152 | 609 | 117 | 199 | 49 | 199 | 18 | 195 | 87 | 593 | 154 | 423 |
| 17 | Систем за наплата | 682 | 54,860 | 681 | 64,343 | 681 | 62,812 | 251,921 | 2,034 | 53,476 | 2,082 | 67,491 | 703 | 23,076 | 703 | 18,558 | 670 | 21,306 | 2,076 | 62,940 | 183,907 |
| 18 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 459 | 13,894 | 474 | 9,049 | 487 | 11,224 | 42,770 | 1,495 | 7,438 | 492 | 1,911 | 493 | 1 | 494 | 0 | 497 | 4 | 1,484 | 5 | 9,354 |
| 19 | Следење на возила со GPS | 36 | 102 | 36 | 91 | 36 | 37 | 317 | 108 | 54 | 108 | 46 | 36 | 31 | 36 | 3 | 36 | 15 | 108 | 49 | 149 |
| 20 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 423 | 12 | 533 | 12 | 417 | 1,768 | 32 | 400 | 30 | 339 | 10 | 111 | 10 | 88 | 10 | 117 | 30 | 316 | 1,055 |
| 21 | Евиденција за прием на странки | 18 | 257 | 16 | 80 | 19 | 100 | 611 | 63 | 107 | 66 | 62 | 22 | 12 | 22 | 3 | 22 | 3 | 66 | 18 | 187 |
| 22 | Хелп деск | 5 | 768 | 5 | 540 | 5 | 530 | 2,473 | 18 | 610 | 18 | 658 | 6 | 271 | 6 | 129 | 6 | 264 | 18 | 664 | 1,932 |
| 23 | Евиденција на работно време | 1,141 | 158,921 | 1,128 | 178,364 | 1,133 | 151,167 | 675,278 | 3,417 | 173,455 | 3,407 | 167,682 | 1,134 | 54,673 | 1,136 | 42,835 | 1,132 | 59,451 | 3,402 | 156,959 | 498,096 |
| 24 | Евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 971 | 268 | 968 | 48 | 963 | 10 | 433 | 2,878 | 153 | 2,842 | 76 | 961 | 42 | 961 | 39 | 954 | 25 | 2,876 | 106 | 335 |
| 25 | Евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 329 | 12 | 205 | 12 | 238 | 1,113 | 36 | 367 | 36 | 425 | 12 | 123 | 12 | 118 | 12 | 147 | 36 | 388 | 1,180 |
| 26 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 174 | 75,282 | 189 | 62,928 | 192 | 100,931 | 364,131 | 534 | 122,523 | 486 | 146,874 | 157 | 52,569 | 160 | 48,728 | 160 | 51,599 | 477 | 152,896 | 422,293 |
| 27 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 809 | 21,315 | 826 | 24,094 | 833 | 20,388 | 89,566 | 2,617 | 22,553 | 2,710 | 22,521 | 911 | 7,501 | 911 | 7,322 | 914 | 7,270 | 2,736 | 22,093 | 67,167 |
| 28 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 971 | 161,164 | 968 | 158,456 | 963 | 157,801 | 635,098 | 2,879 | 133,830 | 2,846 | 145,401 | 959 | 48,911 | 959 | 49,763 | 954 | 47,303 | 2,872 | 145,977 | 425,208 |
| 29 | Систем за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материи за одбележување | 67 | 402 | 79 | 48 | 90 | 27 | 695 | 467 | 151 | 560 | 50 | 207 | 12 | 216 | 5 | 225 | 3 | 648 | 20 | 221 |

## *Услови за спроведување на царинските постапки*

*Покрај перманентното анализирање и изнаоѓање можности за унапредување на царинските постапки и условите за спроведување на царинските постапки, Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и анализирање на можности за воведување нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки со поддршка на информатичка и комуникациска технологија.*




## *Е _ Царина*

### *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во текот на третиот квартал од 2015 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), започнат во мај 2012 година, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA.[5]

Во третиот квартал од 2015 година членовите на работните групи се во редовна комуникација со експертите на изведувачот со цел разрешување на отворени прашања и проблеми кои се однесуваат на веќе испорачаните модули. Овој период продолжи комуникацијата со експертите на изведувачот која се однесува на оние функционалности на системот кои не беа испорачани или беа делумно завршени во рамки на повторната испорака на фаза 3. Оваа корегирана испорака беше испорачана на крајот на јули 2015 година, а во август и септември се реализираше нејзино тестирање. Тестиран е масивен внес преку поставување на XML фајлови на компаниите во системот и забелешките се доставени до изведувачот. Дел од забелешките во овој период на тестирање се однесуваат на спороста на функционирање и несоодветниот изглед на декларацијата. Од блокирачки карактер се грешки кои се појавуваат при поврзување на различни постапки, нераздолжување на банкарска гаранција, нефункционирање на непотполна декларација.

[5] Новиот СОЦДАД, кој треба да го замени постојниот систем ASYCUDA, ќе обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системите на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

# ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## *EXIM*




***EXIM - Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти кој е во функција од 2008 година, од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници. Апликацијата EXIM беше унапредена во 2014 година со цел обезбедување поефикасно функционирање и негова интеграција со нови системи, како и имплементација на новите прописи и барањата на корисниците.***

На крајот од третиот квартал од 2015 година, во EXIM беа **регистрирани 5.721 економски оператори** – корисници на системот, кои преку 11[6] (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи и тарифни квоти**. Во текот на третиот квартал од 2015 година апликацијата се користеше редовно, при што се забележува дека бројот на обработени предмети е во пораст во споредба со третиот квартал од 2014 година, односно преку EXIM се **издадени 20.364 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на третиот квартал изнесуваше околу 3,5 часа.**

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Опис | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 | 60 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 4,750 | 4,959 | 5,002 | 5,039 | 5,098 | 5,098 | 5,275 | 5,430 | 5,591 | 5,635 | 5,665 | 5,721 | 5,721 | 5,665 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 18,393 | 19,786 | 6,777 | 5,741 | 6,452 | 18,970 | 79,018 | 19,217 | 21,488 | 7,098 | 6,304 | 6,962 | 20,364 | 61,069 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 1542 | 1667 | 761 | 429 | 403 | 1593 | 6,850 | 1,581 | 1,687 | 896 | 325 | 320 | 1,541 | 4,809 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM (во часови) | 3,5 | 3 | 1.5 | 1.2 | 1.2 | 1.3 | 2.5 | 2.56 | 2.3 | 2.2 | 2.5 | 5.8 | 3.5 | 2.7 |

[6] Покрај овие 11, во постапката на издавање на дозволи преку системот индиректно се вклучени уште 2 државни органи.

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (8 илјади), ветеринарни документи (4 илјади), потврди за органолептички преглед (2,2 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (2,7 илјади) и лекови и медицински помагала (2 илјади).

| БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на дозволата | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | |
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 39 | 47 | 17 | 11 | 17 | 45 | 179 | 40 | 52 | 12 | 15 | 11 | 38 | 130 |
| | | Q1 | | Q2 | | Јули | | Август | | Септември | | Q3 | | Вкупно 2014 | | Q1 | | Q2 | | Јули | | Август | | Септември | | Q3 | | Вкупно | |
| | | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум | Количина | критериум |
| Спречување нелегна трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори | Кг | 12.44 | 3 | 88 | 9 | 0.004 | 1 | 8 | 5 | 14.1 | 2 | 22.1 | 8 | 149.5 | 34 | 18.31 | 7 | 0.22 | 4 | 1.272 | 4 | 2.851 | 2 | 0.001 | 1 | 4.124 | 7 | 22.66 | 18 |
| Спречување нелегална трговија си оружје и распрскувачки материи и предмет | Парче | 289 | 4 | 80 | 2 | 1 | 1 | 11 | 1 | 3 | 2 | 15 | 4 | 14614 | 23 | 184 | 4 | 2,399 | 3 | 2 | 2 | 6 | 1 | 6 | 1 | 14 | 4 | 2597 | 11 |
| Заштита на културното наследство | Парче | 0 | 0 | 29 | 1 | 0 | 0 | | | | | 0 | 0 | 29 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 2 |
| Спречување на нелегална трговија со живи животни | Парче | 412 | 3 | 32 | 2 | 0 | 0 | | | | | 0 | 0 | 1748 | 8 | 10 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 2 |
| Спречување илегална имиграција | Лица | 11 | 2 | 11 | 3 | 0 | 0 | 15 | 1 | 50 | 1 | 55 | 2 | 572 | 38 | 198 | 16 | 1,148 | 15 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 1348 | 32 |
| Спречување недозволено пренесување на готови пари и хартии од вредност (илјади евра) | Евра | 1571 | 13 | 195 | 15 | 13 | 1 | 188 | 11 | 327.3 | 8 | 528 | 20 | 2954 | 80 | 330 | 22 | 128 | 20 | 55 | 5 | 118 | 7 | 1102.0 | 13 | 1,275 | 25 | 1733 | 67 |
| Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала | Парче | 5319 | 8 | 2,972 | 4 | 2704 | 1 | 5140 | 2 | 2962 | 12 | 10,806 | 15 | 30507 | 31 | 5200 | 5 | 6,835 | 5 | 20 | 2 | 318 | 1 | 1288 | 1 | 1,626 | 4 | 13661 | 14 |
| | Кг | 5 | 1 | 0 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 5 | 1 | 10 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 10 | 0 |
| Спречување неовластена трговија со прехранбени производи | Кг | 585 | 10 | 11,011 | 12 | | 1 | | | 70 | 5 | 70 | 5 | 14684 | 55 | 6540 | 8 | 57 | 16 | | 6 | 2512 | 7 | 44 | 5 | 2,556 | 18 | 9153 | 42 |
| | литри | 429 | 0 | 24 | 0 | | | 10 | 1 | 23 | | 23 | 1 | 1078 | 1 | 469 | 2 | 1,188 | 0 | 221 | | 411 | | 776 | | 1,408 | 0 | 3065 | 2 |
| | парче | 8872 | 0 | 50 | 0 | | | 12048 | 2 | 70 | | 12,118 | 2 | 27720 | 2 | 48 | 0 | 4,767 | 0 | 2737 | | 593 | | 380 | | 3,710 | 0 | 8525 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи (илјади парчиња) | Парче | 121 | 17 | 238 | 30 | 4.75 | 1 | 21 | 4 | 34.5 | 5 | 60.3 | 10 | 642 | 74 | 131 | 18 | 170 | 25 | 13.00 | 5 | 10 | 2 | 11.0 | 8 | 34 | 15 | 335 | 58 |
| | Кг | 0 | 0 | 53 | 1 | | | | | 7.4 | | 7 | 0 | 64 | 1 | 46.50 | 0 | 56 | 0 | 131 | | | | 154.0 | | 285 | 0 | 387.50 | 0 |
| Спречување забранета употреба на екстра лесно гориво | Парче | 3 | 3 | 2 | 2 | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали | Парче | 1680 | 24 | 3,285 | 26 | 561 | 5 | 5108 | 17 | 4467 | 25 | 10,136 | 47 | 21348 | 135 | 8954 | 40 | 8,569 | 24 | 3619 | 11 | 1063 | 7 | 2344 | 9 | 7,026 | 27 | 24549 | 91 |
| | Kg | 0 | 0 | 64 | 0 | | | | | 325 | | 325 | 0 | 1609 | 0 | 201 | 0 | 0 | 0 | | | | | 137 | | 137 | 0 | 338 | 0 |
| | ролни | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | 16 | | 16 | 0 | 24 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | М | 172 | 0 | 27 | 0 | | | 26500 | 2 | 5238 | | 31,738 | 2 | 56638 | 2 | 11200 | 0 | 0 | 0 | | | 335 | | 2363 | | 2,698 | 0 | 13898 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со бижутерија, галантерија и предмети и накит од благородни метали | Парче | 7788 | 12 | 1,982 | 12 | 24 | 1 | 1024 | 1 | 3616 | 10 | 4,664 | 12 | 16036 | 49 | 6622 | 20 | 2,070 | 9 | 1804 | 8 | | 2 | | 1 | 1,804 | 11 | 10496 | 40 |
| | Кг | 2 | 0 | 1 | 0 | | | 1 | 1 | 2 | | 3 | 1 | 9 | 1 | 2.23 | 0 | 0.69 | 0 | 1 | | 0.403 | | 0.063 | | 1.522 | 0 | 4.43 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл. | Парче | 1928 | 5 | 1,709 | 5 | 18 | 1 | 770 | 2 | 586 | 5 | 1,374 | 8 | 9975 | 24 | 6160 | 7 | 418 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140 | 2 | 140 | 2 | 6718 | 15 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | 4 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 4 | 0 |
| Спречување нелегална трговија со други видови стоки | Парче | 42054 | 76 | 110,162 | 85 | 147 | 5 | 1670 | 13 | 5725 | 29 | 7,542 | 47 | 169953 | 281 | 22602 | 81 | 121,514 | 113 | 469 | 18 | 1653 | 20 | 2605 | 19 | 4,727 | 57 | 148843 | 251 |
| | Метри | 3 | 0 | 4,000 | 0 | | | | | 68320 | | 68,320 | 0 | 72323 | 0 | 0 | 0 | 300 | 0 | | | 50 | | | | 50 | 0 | 350 | 0 |
| | Кг | 40 | 0 | 4,558 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 5077 | 0 | 3318 | 0 | 63 | 0 | | | 10477 | | | | 10,477 | 0 | 13858 | 0 |
| | литри | 149 | 0 | 67 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 352 | 0 | 30 | 0 | 370 | 0 | | | | | | | 0 | 0 | 400 | 0 |
| **Вкупно критериуми** | | | **181** | | **209** | | **18** | | **63** | | **103** | | **183** | | **845** | | **233** | | **240** | | **63** | | **49** | | **60** | | **172** | | **645** |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

### Спречување нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во третиот квартал од 2015 година во 7 обиди спречен е шверц на наркотични дроги од околу 4,12 кг. (3,65 гр. марихуана, 33 гр. семе за канабис и 4,088 кг. хероин).



*На граничниот премин Богородица при влез во државата запленети се 2,83 кгр. хероин.*




*На граничниот премин Табановце при излез од државата запленети се 0,0019 кгр. марихуана.*

### Спречување нелегална трговија со оружје и распрскувачки материи и предмети

Во третиот квартал од 2015 година царинските службеници во 4 обиди спречија шверц на оружје и распрскувачки материи и предмети (вкупно 14 парчиња).



*На граничниот премин Деве Баир при влез во државата запленет е еден гасен пиштол и 5 куршуми.*



*На граничниот премин Табановце при влез во државата запленет е еден гасен пиштол.*

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во третиот квартал од 2015 година во 15 обиди спречен шверц на околу 34 илјади парчиња цигари и 285 килограми режан тутун.




*На граничен премин Аеродром при излез од државата откриени се непријавени 11.000 парчиња цигари.*



*На граничен премин Деве Баир при излез од државата откриени се непријавени 6.000 парчиња цигари.*

## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во третиот квартал за 2015 година во 25 обиди е спречен шверц на готови пари и тоа околу: 359.000 евра, 5.400 австралиски долари, 29.500 американски долари, 16.900 швајцарски франци и 3.900 англиски фунти.




*На граничниот премин Аеродром при излез од државата откриени се и одземени 6.900 евра.*



*На граничниот премин Аеродром при влез од државата откриени се и одземени 3.900 англиски фунти.*

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување неовластена трговија со прехрамбени производи

Во третиот квартал од 2015 година во 16 случаи е спречен шверц на околу 44 килограми, 1.408 литри и 3.710 парчиња прехранбени производи мед, алкохол, додатоци во исхраната.



*На граничен премин Богородица при влез во државата откриени се непријавени 325 литри маслиново масло.*



*На граничен премин Богородица при влез во државата откриени се непријавени 44 килограми мед и 140 литри маслиново масло.*

## Спречување нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи, репроматеријали

Во третиот квартал од 2015 година во 27 обиди беше спречен шверц на околу 2.698 парчиња текстил, 2.700 метри и 137 кг. репроматерјали.



*При контролана на царинските службеници на ГП Аеродром пронајдена е и привремено задржана разна стока и тоа од околу 60 парчиња готови текстилни производи.*



*При длабинска контрола на патниот правец Струга-Охрид пред влезот во Охрид, пронајдена е и привремено задржана стока и тоа од околу 600 парчиња готови текстилни производи.*

## Контрола на акцизни стоки во внатрешен промет

Во текот на третиот квартал 2015 година Царинската управа согласно своите надлежности кои што произлегуваат од Законот за акцизите и Управата за приходи согласно Законот за регистрирање на готовински плаќања, извршија контрола на обележување и употреба на контролни марки – бандероли во малопродажните и угостителски објекти кои вршат промет со акцизни добра.

При контролата во повеке од 60 објекти (кафе барови, ресторани, маркети, пазари и продавници) во градови ширум државата е откриена незаконска продажба на алкохолни пијалоци.

Притоа, привремено се задржани околу 810 литри жестоки алкохолни пијалоци, 3 килограми режан тутун и 460 парчиња цигари со или без странски бандероли за кои не е платена акциза и за кои не постојат документи за потекло и за здравствена исправност.

## Контрола на управувањето со странски возила и јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во периодот јули - септември 2015 година Царинската управа привремено задржа 41 моторно возило, од кои 29 патнички моторни возила, 8 моторцикли и 4 други видови.

ЦУРМ самостојно и во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, во третиот квартал од 2015 година откри 14 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки, при што поведени се и изречени 2 глоби, 4 прекршочни пријави и издадени се 5 решенија за забрана за влез или излез од Република Македонија.

## *Пријавени девизи*



На граничните премини во Република Македонија, во третиот квартал од 2015 година вкупно се пријавени девизни средства во противвредност на 4.576.230 евра, сите на влез во Република Македонија.

Од вкупно пријавените девизи, 3.802.113 се евра, 445.000 се швајцарски франци, 432.820 се американски долари и 17.500 австралиски долари.

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (противвредност на 1.614.123 евра или 35,3%), ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 1.164.845 евра или 25,5%) и ЦИ Богородица (противвредност на 966.274 евра или 21,1%).

Во третиот квартал од 2015 година пријавени се за 36,3% повеќе девизи во однос на вториот квартал во 2015 година, а во однос на третиот квартал во 2014 година, пријавени се за 20,8% повеќе девизи.

## Царинска лабораторија



Во третиот квартал од 2015 година во лабораторијата се примени 168 мостри. Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од пластични маси, производи на прехранбената индустрија и други производи од хемиска индустрија. Притоа од вкупно 168 анализирани мостри, во 25 случаи или 15% (од кои 6 врз основа на анализа на техничка документација, 19 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака и непочитување на мерките на трговска политика. Несоодветното распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ.

## *Документарна царинска контрола*

***Документарната царинска контрола е контрола на соодветноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и нивните управители, но се однесува и на физички лица без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.***

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во период јули - септември 2015 година, во над 6.889 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 6.589 случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, скоро 130 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над 125 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и над 45 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 211 милиони денари на име увозни давачки.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на документ | | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | Вкупно |
| 2014 | Q1 | Невалидни | 4,569 | 62 | 80 | 7 | 4 | 4,722 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | Други | 1,409 | 28 | 24 | 5 | 0 | 1,466 |
| | | Вкупно | 5,978 | 90 | 104 | 12 | 4 | 6,188 |
| | Q2 | Невалидни | 5,252 | 67 | 129 | 2 | 0 | 5,450 |
| | | Фалсификат | 4 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| | | Други | 2,329 | 25 | 24 | 9 | 0 | 2,387 |
| | | Вкупно | 7,585 | 93 | 153 | 11 | 0 | 7,842 |
| | Q3 | Невалидни | 4,455 | 73 | 90 | 8 | 0 | 4,626 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | Други | 1,653 | 20 | 26 | 15 | 43 | 1,757 |
| | | Вкупно | 6,108 | 93 | 116 | 23 | 43 | 6,383 |
| | Вкупно 2014 | Невалидни | 20,659 | 333 | 473 | 35 | 6 | 21,506 |
| | | Фалсификат | 4 | 2 | 0 | 5 | 0 | 11 |
| | | Други | 7,890 | 100 | 107 | 60 | 43 | 8,200 |
| | | Вкупно | 28,553 | 435 | 580 | 100 | 49 | 29,717 |
| 2015 | Q1 | Невалидни | 2,969 | 151 | 143 | 15 | 2 | 3,280 |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 13 | 0 | 14 |
| | | Други | 2,538 | 38 | 37 | 2 | 0 | 2,615 |
| | | Вкупно | 5,507 | 190 | 180 | 30 | 2 | 5,909 |
| | Q2 | Невалидни | 3,850 | 111 | 139 | 12 | 0 | 4,112 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 9 |
| | | Други | 3,271 | 34 | 46 | 1 | 24 | 3,376 |
| | | Вкупно | 7,121 | 145 | 185 | 22 | 24 | 7,497 |
| | Јули | Невалидни | 1,429 | 44 | 41 | 13 | 1 | 1,528 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 16 |
| | | Други | 1,223 | 8 | 6 | 0 | 0 | 1,237 |
| | | Вкупно | 2,652 | 52 | 47 | 29 | 1 | 2,781 |
| | Август | Невалидни | 977 | 39 | 29 | 7 | 0 | 1,052 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | Други | 876 | 4 | 10 | 0 | 3 | 893 |
| | | Вкупно | 1,853 | 43 | 39 | 7 | 3 | 1,945 |
| | Септември | Невалидни | 970 | 32 | 25 | 5 | 0 | 1032 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | Други | 1114 | 3 | 14 | 0 | 0 | 1131 |
| | | Вкупно | 2084 | 35 | 39 | 5 | 0 | 2163 |
| | Q3 | Невалидни | 3,376 | 115 | 95 | 25 | 1 | 3,612 |
| | | Фалсификат | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 16 |
| | | Други | 3,213 | 15 | 30 | 0 | 3 | 3,261 |
| | | Вкупно | 6,589 | 130 | 125 | 41 | 4 | 6,889 |
| | Вкупно | Невалидни | 6,819 | 262 | 282 | 27 | 2 | 7,392 |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 22 | 0 | 23 |
| | | Други | 5,809 | 72 | 83 | 3 | 24 | 5,991 |
| | | Вкупно | 12,628 | 335 | 365 | 52 | 26 | 13,406 |

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на сончоглед, детски ќебиња, употребувано патничко моторно возило, прекривачи за на маса, затегачи за каиш, вентили за цевки, несоодветни тарифни ознаки и др.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во истиот период 2014 година, во над 6.383 случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 173 милиони денари на име увозни давачки.

### *Постцаринска контрола*

***Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др*.**

Во третиот квартал од 2015 година, извршени се 220 контроли на трговски друштва, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. При извршените 87 контроли на трговски друштва на увозни или извозни постапки и документарна контрола откриен е 31 случај на обид за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од околу 0,234 милиони денари. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваат на непријавување на трошоци за меѓународен транспорт, трошоци за натовар, истовар и манипулација поврзани со транспортот на увезените стоки, неправилно пријавено преференцијално потекло на увезени стоки, неправилно утврдена даночна основица на увезени стоки, непријавување за увозно царинење и прикажување на помала вредност од вистински платената.

**РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

| Вид на контрола | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно 2014 | Q1 | Q2 | Јули | Август | Септември | Q3 | Вкупно |
| Контрола на трговски друштва | 13 | 22 | 5 | 5 | 9 | 19 | 72 | 27 | 21 | 6 | 8 | 8 | 22 | 70 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 20 | 18 | 5 | 1 | 2 | 8 | 56 | 17 | 14 | 3 | 2 | 2 | 7 | 38 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 55 | 62 | 14 | 16 | 19 | 49 | 237 | 59 | 66 | 16 | 12 | 30 | 58 | 183 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 43 | 45 | 15 | 20 | 15 | 50 | 235 | 44 | 55 | 18 | 14 | 19 | 51 | 150 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 3 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 20 | 5 | 2 | 2 | 1 | 2 | 5 | 12 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 34 | 58 | 58 | 9 | 18 | 85 | 220 | 83 | 81 | 23 | 19 | 32 | 74 | 238 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 58 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 5 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | 25 | 3 | 2 | 1 | 0 | 2 | 3 | 8 |
| Вкупно | 173 | 213 | 100 | 51 | 66 | 217 | 923 | 238 | 244 | 69 | 56 | 95 | 220 | 702 |

## КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

При извршените 7 контроли на иматели на акцизни одобренија, корисници на ТНГ[9] како погонско гориво и документарна контрола не се откриени случаи на избегнување плаќање на акцизни давачки. додека по претходно извршена контрола на имател на акцизна дозвола откриен е еден случај на обид за плаќање на акциза во помал износ во висина од 0,049 милиони денари. Во истиот период 2014 година извршени се 217 контроли на трговски друштва по разни основи.

### *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

***Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.***

#### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во текот на третиот квартал 2015 година, Царинската управа на име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ донесе 538 решенија, на вкупен износ од околу 41,2 милиони денари, од кои:

- 16 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 1,1 милион денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки;
- 22 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 1,3 милиони денари поради декларирана пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот;
- 53 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 2,8 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот;
- 444 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 6,9 милиони денари по други основи и тоа: измена на податоци во царински декларации, нераздолжена транзитна постапка, плаќање на увозни давачки за пуштање во слободен промет пред истекот од рокот за кој стоката била ослободена од давачки, наплата на трошоци за извршени анализи на земени мостри, дополнителна наплата по основ на сторен прекршок, дополнителна наплата по основ на комисиски записници за наод, извршени теренски контроли во трговски друштва и др.
- 3 решенија за дополнителна наплата на акциза во вкупен износ од 29.026.339 денари.

Во третиот квартал од 2014 година Царинската управа донесе вкупно 281 решение за дополнителна наплата на јавни давачки во вкупен износ од околу 16,3 милиони денари.

---

[9] Течен нафта и гас

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Кривични пријави

Царинската управа во третиот квартал од 2015 година Царинската управа поднесе 27 кривични пријави против 30 физички и 12 правни лица. Во истиот период 2014 година Царинската управа поднесе 29 кривични пријави против 33 физички и 21 правно лице.

**ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ**

| Основ за поднесена кривична пријава | 2014 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | | Q2 | | | Q3 | | | Вкупно 2014 | | |
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Даночно затајување | | | | 4 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 4 | 3 | 1 |
| Заштита на права од интелектуална сопственост | 11 | 8 | 10 | 12 | 12 | 12 | 15 | 15 | 15 | 49 | 46 | 48 |
| Изготвување на лажна исправа и преправање во вистинска и нејзина употреба | | | | | | | 0 | 0 | 0 | | | |
| Изнесување во странство на археолошки материјал, споменик на култура | | | | | | | 2 | 1 | 2 | 1 | | 1 |
| индустриска сопственост | 3 | 3 | 3 | | | | 0 | 0 | 0 | 4 | 4 | 4 |
| Криумчарење | 1 | | 1 | 7 | 1 | 6 | 2 | 0 | 2 | 21 | 1 | 17 |
| Неовластено производство и промет со наркотици | 1 | | 1 | 10 | | 6 | 7 | 0 | 4 | 32 | 22 | |
| неовластено производство и промет со оружје и распрскувачки материи | 1 | | 1 | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | | 1 |
| Промет со акцизни стоки без бандероли | | | | | | | 0 | 0 | 0 | | | |
| Симнување на печат или знак што го ставило овластено службено лице | 1 | | 1 | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | | 1 |
| Фалсификување и употреба на исправа и симнување и оштетување на службен знак | 1 | 1 | 1 | 5 | 2 | 5 | 6 | 4 | 5 | 15 | 10 | 14 |
| фалсификување на знаци за обележување | | | | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Царинска измама | 5 | 4 | 4 | 3 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 10 | 7 | 9 |
| **Вкупно** | **24** | **16** | **22** | **41** | **19** | **33** | **33** | **21** | **29** | **139** | **72** | **119** |

| Основ за поднесена кривична пријава | 2015 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Q1 | | | Q2 | | | Јули | | | Август | | | Септември | | | Q3 | | | Вкупно | | |
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Даночно затајување | | | | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** |
| Заштита на права од интелектуална сопственост | 8 | 8 | 8 | 8 | 6 | 7 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 4 | 7 | 7 | 7 | **23** | **21** | **22** |
| Изготвување на лажна исправа и преправање во вистинска и нејзина употреба | | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | **1** | **1** | **1** |
| Изнесување во странство на археолошки материјал, споменик на култура | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | 0 | 1 | **2** | **0** | **2** |
| индустриска сопственост | | | | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** |
| Криумчарење | 6 | | 6 | 5 | | 5 | 3 | | 3 | 3 | | 3 | 2 | | 2 | 8 | 0 | 8 | **19** | **0** | **19** |
| Неовластено производство и промет со наркотици | 10 | | 7 | 1 | | 1 | 3 | | 3 | 1 | | 1 | | | | 4 | 0 | 4 | **15** | **0** | **12** |
| неовластено производство и промет со оружје и распрскувачки материи | 3 | | 3 | 3 | | 3 | 1 | | 1 | | | | | | | 1 | 0 | 1 | **7** | **0** | **7** |
| Промет со акцизни стоки без бандероли | | | | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | **2** | **1** | **1** |
| Симнување на печат или знак што го ставило овластено службено лице | | | | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** |
| Фалсификување и употреба на исправа и симнување и оштетување на службен знак | 6 | 4 | 6 | 7 | 5 | 5 | 3 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 1 | | 1 | 8 | 4 | 5 | **21** | **13** | **16** |
| фалсификување на знаци за обележување | | | | | | | | | | | | | | | | 0 | 0 | 0 | **0** | **0** | **0** |
| Царинска измама | 1 | 1 | 1 | 4 | 3 | 4 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 1 | 1 | 1 | **6** | **5** | **6** |
| **Вкупно** | **35** | **13** | **32** | **31** | **16** | **27** | **13** | **3** | **11** | **10** | **5** | **9** | **7** | **4** | **7** | **30** | **12** | **27** | **96** | **41** | **86** |

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

### Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во текот на третиот квартал од 2015 година се поднесени 461 прекршочна пријава од кои, 371 за сторен царински прекршок, 26 за сторен девизен прекршок и 64 за сторен акцизен прекршок. Од вкупно поднесени прекршочни пријави, 172 се однесуваат на физички, а 289 на правни лица. Во истиот период 2014 година до Одделението за прекршоци на Царинската управа се доставени 228 прекршочни пријави против 158 физички лица и 70 правни лица

Во истиот период од 2015 година, беа решени 319 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беа изречени глоби во износ од околу 11,7 милион денари. Во 125 предмети покрај глобата им беше изречена и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 24 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизи кои во денарска противвредност изнесуваат околу 13,4 милиони денари.

Во текот на третиот квартал од 2015 година се изречени 475 мандатни казни против 298 физички лица и 177 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 5,9 милиони денари.

Во третиот квартал од 2014 година се изречени 535 мандатни казни против 350 физички лица и 185 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 4,4 милиони денари.

## *Учество во меѓународни активности*

Во текот на третиот квартал од 2015 година Царинската управа беа реализирани следните меѓународни активности учество во:

- учество во втората фаза од меѓународната операција GLOBAL SHIELD, организирана од Светската царинска организација, фокусирана на следење и откривање на илегална трговија со прекурзорни хемикалии што може да се користат за производство на импровизирани експлозивни направи. Во операцијата учествуваат сите земји членки на СЦО, а ќе биде поддржувана и од INTERPOL, UNODC-WCO Container Control Programme и CARICC (Central Asia Regional I2);
- учество во меѓународен проект GLOBAL SHIELD, изготвени извештаи (за месец јули и август 2015 година и доставени преку Cencomm системот )за увоз и извоз на хемикалии и други производи што може да се користат за производство на експлозиви и експлозивни направи;
- добиен пристап и извршено логирање во RAN системот (Rapid Alert Network) на Светската царинска организација, РИЛО, кој е во фаза на тестирање, а ќе значи размена на информации во реално време со сите царински администрации, со цел зајакнување и ефективна царинска соработка на глобално ниво;

- организирана и спроведена е операција IPR 2015, фокусирана на селектирање, контрола и заплена (привремено одземање) на сите видови на фалсификувани стоки кои транзитираат преку територијата на Република Македонија, или се наменети за увоз во Република Македонија;
- учество на обука за разузнавање, спроведена од страна на високи претставници на разузнавањето во турската царина, при што се разменети искуства и споделени најдобри практики во областа на стратешкото, тактичкото и оперативното разузнавачко работење и работа со информатори;
- учество на подготвителен состанок во Хаг, Холандија, во рамки на EMPACT FIREARMS иницијативата за операција против нелегална трговија со оружје во организација на ЕВРОПОЛ.

Во текот на овој квартал од 2015 година, Царинската управа во CEN базата внесе 28 заплени, достави 28 информации за запленета стока до SELEC центарот, достави 3 информации за заплена на дрога до ЗКА Балкан инфо и достави информации за една заплена во CONTAINERCOMM базата и за една заплена во ARCHEO базата на податоци на Светската царинска организација.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*




Во третиот квартал 2015 бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 543. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки:** PORSCHE CARRERA, PORSCHE CAYENNE, PASSAT, GOLF, POLO, BORA, VENTO, SHARAN, BEETLE, LUPO, NEW BEETLE, и FOX.

На крајот на третиот квартал од 2015 година во Царинската управа бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесуваше 447, додека на крајот на 2014 година изнесуваше 345.

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Во периодот јули - септември 2015 година во **33** акции, привремено се задржани **15.154** парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

Привремено задржана стока заклучно со 30 септември 2015 година:

**ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

| | Вид на производи | Ед. мерка | 2014 | | | | | | | 2015 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Q 1 | Q 2 | Јули | Август | Септември | Q 3 | Вкупно 2014 | Q 1 | Q 2 | Јули | Август | Септември | Q 3 |
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 1,614 | 185,454 | 819 | 106 | 5,787 | 6,712 | 200,864 | 4,935 | 4,834 | 603 | | 4,729 | 5,332 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 4,790 | 11,097 | 15,720 | | 202 | 15,922 | 32,419 | 577 | 1,442 | 1,280 | 35 | 55 | 1,370 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 100,343 | 282,800 | 1,632 | | 52,470 | 54,102 | 546,317 | 52,780 | 24,444 | | 4,203 | | 4,203 |
| | | Кг. | | 768 | | | | | 768 | | 350 | | | | |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 3,053 | 1,095 | 18 | 120 | 3,060 | 3,198 | 7,876 | 678 | 64 | 2 | 3 | 1 | 6 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | / | | | | 1,208 | 1,208 | 1,208 | 522 | 1,339 | | | 636 | 636 |
| 6 | Лекови | Парче | / | | | | | | | | | | | | |
| 7 | Друго | Парче | 16,637 | 84,796 | 200 | | 2,739 | 2,939 | 156,618 | 408,097 | 87,743 | 1,013 | 81 | 2,513 | 3,607 |
| | **Вкупно** | Парче | **126,437** | **565,242** | **18,389** | **226** | **65,466** | **84,081** | **945,302** | **467,589** | **119,866** | **2,898** | **4,322** | **7,934** | **15,154** |
| | | Кг. | | **768** | | | | | **768** | | **350** | | | | |

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржани текстилни производи со 35% и 27% учество на козметичките производи. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминираат Кина со 51% и Турција со 32%.

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на третиот квартал од 2015 година, под царински надзор **беа уништени 3.248 парчиња** фалсификувана стока (3.212 играчки и 36 ролни).

## *Бесплатно отстапување на стока*

Во текот на овој период, согласно членот 30 од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Сл.весник на РМ" бр. 88/2015 и 154/2015), Царинската управа согласно донесената Одлука за бесплатно отстапување на одземена стока на Министерството за труд и социјална политика и отстапи вкупно 740 парчиња стока и тоа 380 парчиња долен дел на тренерки и 360 пара спортски обувки..

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## *Односи со јавноста*

***Создавањето на добар имиџ и идентитет на институцијата, како и генерално подобрување на организациската клима и култура, е во директна корелација со транспарентноста во работењето.***

Во таа насока, во третиот квартал од 2015 година, во јавноста се објавени 42 соопштенија за непријавена, фалсификувана стока, откриени царински измами, воведени новитети во царинско работење и се одржани две прес – конференции.

## *Позначајни настани*

### *Од 1 – ви јули Македонија е дел од Заедничкиот транзитен систем на ЕУ*

На 1 јули 2015 година Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската Унија. Со пристапувањето на Македонија кон Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока се обезбедува единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Односно, електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.



На официјалното обележување на влезот во заедничкиот транзит на ЕУ присуствуваше вицепремиерот и министер за финансии, Зоран Ставрески истакнувајќи го значењето од пристапувањето кон овие Конвенции што ќе придонесе кон побрз проток на стоката и позитивно ќе влијае на конкурентноста на нашата економија и трговската размена со земјите членки на оваа Конвенција, кои истовремено се и наши најголеми трговски партнери. Директорот на Царинската управа, Наташа Радеска Крстевска изрази благодарност до Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија за финансиската помош и соработка без кои реализацијата на овој проект немаше да биде можна, на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии, за огромната помош и поддршка во спроведувањето на проектните активности, како и на ангажираните фирми во рамките на проектот со кои заеднички, партнерски беа спроведени сите предвидени активности. Радеска Крстевска му се заблагодари и на проектниот тим и на сите вработени во Царинската управа за нивниот ангажман и посветеност во реализацијата на овој исклучително важен проект.

### *Состанок со увозниците и производителите на акцизна стока*

Во насока на продлабочување на соработката со производителите и увозниците на акцизни добра, односно тутунски добра и алкохолни пијалоци, Царинската управа, во јули и во септември 2015 година организираше три работни состаноци. На состаноците присуствуваа околу 40 претставници на компании.



Целта на овие средби, што се одржуваат најмалку еднаш на два месеци е подобрување на соработката помеѓу бизнис заедницата и Царинската управа, запознавање со новините во акцизното работење, разгледување и надминување на отворените прашања, односно подобрување на акцизниот систем во целина.

На состаноците беа презентирани главните активности на Царинската управа насочени кон зголемување на контролата на акцизните добра во малопродажба, истакнувајќи ги значителните резултати, односно од мај до сега се откриени неправилности во повеќе од 65 малопродажни објекти, кои се однесуваат во најголем дел на нелегална продажба на алкохол, со незанемарувачки резултати и кај тутунските добра. Контролите не се вршат само заради фискален ефект, туку уште повеќе заради заштита на компаниите кои работат легално, односно заради овозможување на легална конкуренција на пазарот, како и заради заштита на здравјето на потрошувачите. Царинската управа континуирано ќе продолжи со овие активности.

На состаноците разгледани беа и измените на акцизното законодавство, како и континуираната работа на подготовка на ново акцизно законодавство во рамките на проект со царината на Австрија. Компаниите беа повикани да се вклучат активно со претставници кои би придонеле со своите коментари и предлози во изготвувањето на акцизното законодавство.

Во взаемен интерес на бизнис заедницата и на Царинската управа е овие средби да прераснат во континуирана плодна соработка.

### *Работна средба со бизнис заедницата во Прилеп*

На 16 септември во Прилеп претставници од Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Управата за имотно-правни работи, предводени од вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески, остварија средба со претставници од бизнис заедницата во прилепскиот регион. Целта на средбите од ваков тип е преку непосреден дијалог со бизнис заедницата да се презентираат новите владини мерки и законски измени кои се во интерес на компаниите, да се слушнат барањата на бизнисмените и да се изнесат отворените



прашања, како и да се предложат решенија во насока на унапредување на деловната клима во Република Македонија.

На стопанствениците од прилепскиот регион им беа презентирани и најновите измени во казнената политика, во насока на нејзино олабавување и намалување на казните.

## *Интернет и интранет*

Во третиот квартал 2015 година страницата е посетена од вкупно 41.007 корисници. Од страна на корисниците, овој период испратени се 212 прашања, жалби и сугестии. До денес е одговорено на 152 прашања.

Во третиот квартал 2015 година на интернет страницата објавени се 113 содржини на македонски јазик, 44 се објавени на англиски јазик, додека во истиот период 2014 година на интернет страницата објавени се 87 содржини на македонски јазик, 40 се објавени англиски и 13 на албански јазик.
На интранет порталот на Царинската управа во третиот квартал 2015 година се објавени 186 информации, притоа се остварени 31,4 илјади посети од 1,132 корисници, додека во истиот период 2014 година се објавени 123 информации, притоа се остварени околу 36,7 илјади посети од 1.133 корисници.

## *Отворена царинска телефонска линија (197)*

На отворената царинска телефонска линија (197) во периодот од јули-септември 2015 година добиени се вкупно 2.837 повици или во просек 32 повици на ден и тоа: „А“[10] класа – вкупно 5 повици „Б“[11] класа – вкупно 8 повици, „С“[12] класа - вкупно 207 повици и „Ј“[13] класа – вкупно 10 повици. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на поедини царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, додека од страна на соодветните служби извршена е обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.

[10] „А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа .
[11] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска Управа.
[12] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.
[13] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

### *Граѓански дневник*

Во третиот квартал од 2015 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е посетен 688 пати, а одговорено е на 2 прашања.

## *ЦАРИНСКА СОРАБОТКА*

### *Соработка со бизнис заедницата*

На 25 септември 2015 година се одржа редовен состанок на Советодавното тело. Целите на Советодавното тело формирано во јануари 2009 година се:

- разгледување на актуелни прашања и проблеми од делокругот на царинско работење;
- предлагање мерки за надминување на отворените прашања и проблеми и
- разгледување на мислењата и предлозите на бизнис заедницата во процесот на подготовка на ново царинско законодавство и административни прописи.

Преку соработка и партнерство, Советодавното тело создава и развива стратегии, процедури и методи за олеснување на протокот на трговијата, подобра примена на царинските постапки, утврдување на царинската политика, мерки и регулатива согласно заедничките интереси. Покрај тоа, Советодавното тело е активно вклучено во развој на стратегии за обука и едукација од областа на царински постапки, со цел олеснување на трговијата и на транспортот. Во рамки на активностите на Советодавното тело се организираат кампањи со цел на локално ниво да се промовираат сите новини во царинското работење особено олеснувањата во спроведувањето на царинските постапки, со поттик за нивно почесто користење, но и да се даде можност на сите заинтересирани фирми кои се вклучени во царинските формалности отворено да дискутираат со претставниците на Царината за актуелните прашања со кои се соочуваат во секојдневното работење.

На овој состанок на Советодавно тело се дискутираше по следниот дневен ред:

1. Разгледување на состојбата поврзана со затворањето на српско-хрватската граница. Членките на Советодавното тело едногласно изразија длабока загриженост од настанатата состојба со ограничување на прометот на македонски стоки и движењето на македонските транспортни средства од и кон Европската унија, посочувајќи ги големите штети кои ги трпат македонските стопански субјекти од настаната состојба, при што беше донесен заклучок Советодавното тело да испрати допис до Делегацијата на ЕУ за преземање активности од нејзина надлежност за итно надминување на настаната состојба;
2. Презентација на новите измени на Царинскиот закон и Законот за акцизи согласно новиот Закон за општата управна постапка и новиот Закон за прекршоци;
3. Презентација на новите измени на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки;
4. Презентација на новото Упатство за поедноставени постапки, донесено со цел еднообразна примена на поедноставените царински постапки, според кое

одобренијата ќе се издаваат централизирано, а не од страна на царинарниците како досега;

5. Презентација на досегашните активности на Работна група формирана во Царинската управа за изготвување на предлог за поедноставена евиденција при увоз за облагородување на текстил како и предлог за поедноставување на постапката со отпадот/остатокот по производството кај имателите на одобренија за увоз за облагородување и
6. Разно.

## *Меѓународна соработка*

### *Експерти од Република Турција одржаа обука во областа на контролата и истрагите*

На 17 и 18 септември 2015 година, во просториите на Царинска управа, врвни експерти од Царинската администрација на Република Турција одржаа обука во областа на контролата и истрагите.



Обуката е резултат на добрата билатерална соработка помеѓу царинските служби на Македонија и Турција. За време на обуката споделени беа искуствата и практиките на земјите во областа на контролите и истрагите, моменталната состојба, потребите и идните очекувања.

Покрај ова, разгледани беа конкретните резултати од успешно воспоставената соработка во полето на размена на информации и беа разменети мислења и предлози за нејзино продлабочување во иднина.





